Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 24-42351/1
21-09-2022 год.-viti
Скопје-Shkup

Друштво за производство,инженеринг, промет и услуги
МАКАЉБ КОМПАНИ ДОО експорт-импорт
Бр. 03-65
12.12.2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 61 став (9) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22) и Одлуката за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот "Добарски Жеден", општина Желино со концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот "Добарски Жеден", општина Желино на Друштвото за производство, инженеринг, промет и услуги МАКАЉБ КОМПАНИ ДОО експорт-импорт Скопјебр.41-4720/1 од 20 јули 2022 година (Службен весник на Република Северна Македонија бр.167/22),

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за економија**
**Kreshnik Bekteshi**
**(во натамошниот текст: концедент)**
**и**
**2. Друштвото за производство, инженеринг, промет и услуги**
**МАКАЉБ КОМПАНИ ДОО експорт-импорт Скопје**
**со адреса:Ул.Шекспирова бр.1-2/2 Скопје - Карпош, Република Северна Македонија**
**застапувано од лицето Виолета Симовска**
**(во натамошниот текст: концесионер)**
**на ден __________ 2022 година во Скопје, склучија:**

# А Н Е К С
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ "ДОБАРСКИ ЖЕДЕН", ОПШТИНА ЖЕЛИНО

## Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот "Добарски Жеден", општина Желино бр.24-7450/1 од 06.12.2013 година, членот 4 се менува и гласи:

**„Член 4**
**Простор на кој се доделува концесијата**

Просторот на кој е доделена концесијата од член 1 на овој договор се наоѓа на локалитетот "Добарски Жеден", општина Желино и го зафаќа просторот ограничен со точки, дефинирани со координати.Точките на координатите меѓусебно се поврзани со прави линии како што се дадени на Топографската карта приклучена кон овој договор во мерка М = 1 : 25 000 во Гаус-Кригерова проекција, и тоа:

| Точка | Координата Y | Координата X |
|---|---|---|
| Т-1 | 7 508 907 | 4 647 391 |
| Т-2 | 7 508 964 | 4 647 574 |
| Т-3 | 7 509 043 | 4 647 758 |
| Т-4 | 7 509 096 | 4 647 685 |
| Т-5 | 7 509 053 | 4 647 552 |
| Т-6 | 7 508 996 | 4 647 349 |

| Точка | Координата Y | Координата X |
|---|---|---|
| Т-1 | 7 508 996 | 4 647 349 |
| Т-2 | 7 508 946 | 4 647 221 |
| Т-3 | 7 508 763 | 4 647 181 |
| Т-4 | 7 508 605 | 4 647 195 |
| Т-5 | 7 508 728 | 4 647 494 |
| Т-6 | 7 508 925 | 4 647 459 |
| Т-7 | 7 508 903 | 4 647 391 |

Површината на просторот на концесијата за експлоатација од став 1 од овој член изнесува P= 0,113719 $km^2$ /квадратни километри/."

**Член 2**

Составен дел на овој анекс на договор е и Топографската карта дадена во прилог на овој анекс на договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 6 (шест) примероци за Концедентот и по 1 (еден) примерок за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот "Добарски Жеден", општина Желино бр.24-7450/1 од 06.12.2013 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот "Добарски Жеден", општина Желино бр.24-7450/1 од 06.12.2013 година остануваат во сила, непроменети.

**Член 6**

Со денот на влегување во сила на овој анекс на договор престанува да важи Договорот за концесија за експлоатација на минералната суровина – варовник на локалитетот „Добарски Жеден", општина Желино бр.24-5198/2 од 18.09.2013 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, инженеринг, промет и услуги МАКАЉБ КОМПАНИ ДОО експорт-импорт Скопје.

**Член 7**

Правата и обврските кои произлегуваат од издадените дозволи и одобренија од надлежните органи, во смисла на Законот за минерални суровини или друг закон, а што се поврзани со експлоатацијата на минералната суровина која е предмет на Договорот за концесија за експлоатација на минералната суровина – варовник на локалитетот „Добарски Жеден", општина Желино бр.24-5198/2 од 18.09.2013 година, со овој анекс на договор се пренесуваат на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот "Добарски Жеден", општина Желино бр.24-7450/1 од 06.12.2013 година.

| | |
|---|---|
| **За Концедентот**<br>**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**<br>**МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА**<br>**Kreshnik Bekteshi** | **За Концесионерот**<br>**Друштво за производство, инженеринг, промет и услуги**<br>**МАКАЉБ КОМПАНИ**<br>**ДОО експорт-импорт Скопје**<br>**Виолета Симовска** |

Изработил/Përpiloi: Fatmir Shaqiri
Контролирал/Kontrolloi: Кика Шпритова
Александра Митреска
Одобрил/ Aprovoi: Florent Çiçe
Согласен/Miratoi: м-р Размена Чекиќ Дуровиќ

# Топографска карта на концесиски простор

1:25000

Локалитет: Добарски Жеден - Желино

Минерална суровина: Варовник

Површина = 0.113719 км2




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7508907 | 4647391 |
| 2 | 7508964 | 4647574 |
| 3 | 7509043 | 4647758 |
| 4 | 7509096 | 4647685 |
| 5 | 7509053 | 4647552 |
| 6 | 7508996 | 4647349 |

| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7508996 | 4647349 |
| 2 | 7508946 | 4647221 |
| 3 | 7508763 | 4647181 |
| 4 | 7508605 | 4647195 |
| 5 | 7508728 | 4647494 |
| 6 | 7508925 | 4647459 |
| 7 | 7508903 | 4647391 |